

***Фрагмент од Карпинското евангелие***

**Карпинското евангелие** претставува средномакедонски кирилски ракопис.

Потекнува од XIII век. Содржи 168 пергаментни листови. Пишуван е со кирилско писмо во Карпинскиот Манастир, село Орах, Кумановско. Илуминацијата е богата и разновидна, а има иницијали со тератолошки, растителни или геометриски елементи. Според содржината претставува полн апракос, со евангелитски четива за сите денови во годината распоредени по редоследот на црковната година, почнувајќи од Велигден, а содржи и синаксар, т.е. календарски дел. Се вбројува меѓу северномакедонските ракописи поврзани со Карпинскиот апостол (хронолошки се поврзуваат со ист период, но се дело на различни пишувачи) и фрагмент од ирмологиј (подоцнежен текст, пишуван од двајца пишувачи). Како кодекс од архаичен тип, според распоредот на четивата е значајно за развојот на евангелскиот превод и има особено место меѓу јужнословенските евангелски ракописи. Се чува во Москва, ГИМ, збирка Хлудов 28 I 101.

**Извор:**

1. ***1. „Balcanoslavica“. Centar za istražuvanje na staroslovenskata kultura. 1997.***

***Десподова 1995 - Десподова В. (ред.) Карпинско Евангелие. Прилеп1. CKonje.***